**До**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**ул. Аминта Трети бр. 2**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 27-06-2022

| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |


## ИНИЦИЈАТИВА

### од Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе

Почитувани,

Во Нашата држава постојат многу одгледувачи на домашни зајаци (куникули).

Поголем број од Нив досега зајаците ги одгледуваа за сопствени потреби односно ги одгледуваа со цел подоцна да ги користат како месо во својата исхрана.

Во последната деценија одгледувањето на зајаци зема се поголем замав и се повеќе одгледувачи на зајаци го зголемуваат своето производство и го пласираат како на локалните пазари така и на територијата низ целата Наша Држава.

До 2011 година на територијата на Република Северна Македонија согласно нашите сознанија беше регистриран само еден кланичен капацитет за колење на зајаци и тоа на територијата на Општина Свети Николе.

Во 2011 година благодарение на желбата, ентузијазмот и упорноста на еден од нашите членови на здружението, а воедно и претседател на истото Г-динот Гордан Паневски беше основана компанија под назив ДПТУ КОМПАНИЈА ПАНЕВСКИ ДООЕЛ Свети Николе чија основна дејност е Одгледување на зајаци.

Со својот професионален пристап кон работата истата компанија во годините што следуваа успеа да го подигне одгледувањето на зајаци во Република Северна Македонија на едно многу високо ниво, па денес истата располага со два објекти за одгледување на зајаци со вкупна површина од преку 300 м2, со матично јато од 100 зајаци (женки за приплод) и 16 зајаци (машки за приплод) односно со капацитет од преку 4000 зајаци во тов годишно, регистриран кланичен капацитет за колење на зајаци со воведен HACCP систем, најсовремена опрема за одгледување на зајаците увезена од Република Италија како и специјално возило со ладилник со кое свежото месо од зајак се дистрибуира до клиенти како што се Веро маркетите, Тинекс маркети, Ресторан Камник, Месара Андреа, Ресторан Оливес, Компанија Поповски, Гиго трејд маркети, Ресторан Канео –Охрид, Клиника Жан Митрев и многу други...

Во изминатите скоро 11 години КОМПАНИЈА ПАНЕВСКИ успеа да создаде многу коопераnти и да се поврзе со истите со цел унапредување и зголемување на производството на фармски одгледувани зајаци, па како резултат на тоа решивме да формираме Здружение на одгледувачи на зајаци што стана реалност на 10.05.2022 година.

Основна цел на Здружението на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе е застапување и лобирање за унапредување на легислативата која се однесува на одгледувањето на зајаци, подигнување на јавната свест од потребата за одгледување на зајаци во Република Северна Македонија како и бенефитите од употребата на зајачкото месо во исхраната кај сите категории и возрасни групи на граѓани.

Во моментов вкупниот капацитет на сите членови на Здружението (околу 30 на број) изнесува околу 280 женки зајаци за приплод, што пресметано во вкупен број на зајаци за колење на годишно ниво би требало да достигне број од 10.000 - 12.000 зајаци. Овде ги прикажуваме капацитетите само на членовите на Нашето здружение, бидејки тие ги знаеме со сигурност, но Нашите прогнози и предвидувања согласно постовите на социјалните мрежи кои ги споделуваат останатите одгледувачи на зајаци, а кои ги следиме секојдневно се дека на територијата на Република Северна Македонија во овој момент овој број е неколку пати поголем.

Месото од зајак согласно големиот број направени анализи низ светот ги има следниве корисни функции:

- го подобрува функционирањето на срцето и ги зајакнува крвните садови, спречува појава на атеросклероза и хипертензија;
- ја нормализира размената на материи;
- го регулира нивото на гликоза во крвта што го прави особено погодно за дијабетичари;
- го формира и зајакнува коскениот скелет;
- ги зајакнува забите и непцата;
- ја подобрува состојбата на косата, кожата и ноктите;
-корисен е за лица што патат од алергија, ги намалува симптомите на оваа болест;
- има корисен ефект врз работата на варењето на храната;
- промовира губење на тежината.
- месото од зајак се апсорбира во телото 90%, додека говедското - само 62% и истото е особено корисно за мали деца, доилки и бремени жени, спортисти, стари лица, лица што патат од алергии и дијабетичари, лица со заболувања на цревата, срцето и крвните садови како и за сите други категории на лица и возрасни групи.

**Нутритивна вредност на месото од зајаци и витамини во неговиот состав се:**

Хранлива вредност зајачко месо (на 100 g):

21, 142 g протеини;
10, 799 g маснотии;
66, 689 g вода;
1, 114 гр пепел;
39, 155 мг холестерол;
0, 357 g омега-3 масни киселини;
2, 721 g омега-6 масни киселини.

Витамини во зајачко месо (на 100 гр):

0, 176 mg рибофлавин (B2);
9, 783 µg ретинол еквивалент (A);
115, 578 mg холин (B4);
0, 768 mg аскорбинска киселина (C);
7, 659 мг фолат (Б9);
0,468 mg еквивалент на токоферол(E);
0, 114 mg тиамин (Б1);
11, 547 mg ниацин еквивалент (PP);
0, 473 мг пиридоксин (Б6).

4, 294 µg кобаламин (B12);

**Корисни елементи во составот на зајачко месо**

Macroelements во месо од зајаци
(во делови со тежина од 100 g):

24, 772 мг магнезиум;
224, 672 mg сулфур;
79, 482 мг хлор;
19, 674 mg калциум;
56, 113 мг натриум;
189, 816 mg фосфор;
334, 254 mg калиум.

Елементи во трагови во месо од зајаци
(во делови од 100 g):

3, 294 мг железо;
4, 424 µg од молибден;
2, 309 mg цинк;
0, 012 мг манган;
4, 976 mcg јод;
8, 467 mcg на хром;
129, 614 µg на бакар;
72, 133 µg флуор;
16, 118 микрограми кобалт.

Во последните две години одгледувањето на зајаци со цел производство на свежо месо од зајак за жал станува се потешко, како поради зголемувањето на цената на електричната енергија, енергенсите, така и поради зголемувањето на цената на храната која се користи за исхрана на зајаците која само во последните 6 (шест) месеци бележи зголемување од над 50% , а е главен инпут во креирањето на цената на свежото месо од зајак.

Со оглед на тоа дека фармски одгледаните зајаци до овој момент не се вметнати во постоечката законска и подзаконска легислатива ниту во Програмата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Ние како Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе, од Вас како надлежно министерство бараме час поскоро да Ни излезете во пресрет и како што е случај со останатите сточарски гранки (овчарство, козарство, свињарство, говедарство, живинарство...) да го подржите и одгледувањето на зајаци преку низа мерки кои ќе значат опстанок, одржување и унапредување на одгледувањето на фармски зајаци со цел производство на зајачко месо за чии придобивки од неговото конзумирање од страна на човекот мислиме дека погоре беше убаво објаснето.

Ние како Здружение во консултација со нашите членови кои имаат големо искуство во одгледувањето на зајаци до Вас предлагаме да се донесат следните мерки:

**1. Доколку е технички изводливо да се овозможи итна финансиска поддршка на одгледувањето на зајаци преку Програмата за спроведување на интервентниот фонд за земјоделството.**

**2. Одгледувањето на фармски зајаци да се вметне и регулира во сите законски и подзаконски акти кои се во корелација со одгледување, продажба, транспорт здравствена заштита и субвенционирање на одгледување на животни.**

**3. Да се овозможи изградба на капацитети за одгледување на зајаци, набавка на основни средства и набавка на опрема за опремување на изградените капацитети преку програмата за поддршка на руралниот развој и преку ИПАРД програмата.**

**4. Да се креираат нови подмерки во Програмата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за 2023 година и во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година и тоа:**

**а) Директни плаќања за женски и машки приплодни грла зајаци**

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски и машки приплодни грла зајаци , поседуваат минимум 5 приплодни грла и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.11.2023 година.
- Висината на директните плаќања за женски и машки приплодни грла да изнесува 330 денари по грло.

**б) Директни плаќања за одгледани и заклани зајаци во регистрирани кланични капацитети**

- Корисници на оваа подмерка ќе бидат земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани најмалку 50 зајаци во регистрирани кланични капацитети во период од 1 Мај 2022 година до 30 Април 2023 година.
- Висината на директните плаќања за зајаци со минимална тежина на жива вага од 3 кг да изнесува 120 денари по грло.

**5. Да се интервенира во Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните** бидејќи единечната цена без ддв за клинички преглед на животните или ставање во промет и издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните изгледа вака:

| Ред бр. | Животно | Единечна цена во денари без ддв |
|---|---|---|
| 1. | Свиња над 25 кг телесна тежина | 32 |
| 2. | Свиња под 25 кг телесна тежина | 16 |
| 3. | Овца и коза | 27 |
| 4. | Јагне и јаре до 3 месеци старост | 11 |
| 5. | Живина | 2 |
| 6. | Зајак питом | 11 |
| 7. | Пилиња до 7 дневна возраст (за 100 пилиња во пратка) | 11 |

па со оглед на тоа сметаме дека надоместот за Зајак питом во висина од 11 денари без ддв е преголем и треба да се намали и да изнесува 2 денари по грло без ддв, односно исто како за живината бидејќи се со скоро идентична тежина.

**6. Да се вметнат фармски одгледуваните зајаци во Регистарот на одгледувалишта односно да се оформи Регистар на одгледувалишта на зајаци со цел постојните и идните заинтересирани одгледувачи на зајаци да можат да се стекнат со РБО број.**

**7. Да се подржи функционирањето на ова Наше здружение преку достапните механизми за ваков вид на здруженија (со финансиски средства, преку семинари и обуки, саеми и слични манифестации, средби со претставници на институции од Нашата Држава и пошироко).**

Се надеваме дека оваа Наша иницијатива ќе биде разгледана во најкраток можен рок и Нашите предлози ќе бидат прифатени, со што како Влада на Република Северна Македонија и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство уште еднаш ќе покажете дека сте одговорни и се грижите за граѓаните на оваа Наша чудесна земја, посебно за оние кои одлучиле да останат во Неа и преку макотрпна работа, труд и пожртвуваност, што се неколку од одликите кои ги красат земјоделците и сточарите, да се промовира, зголеми и унапреди и оваа гранка од домашното сточарско производство кое сме сигурни дека во моментов е едно од најквалитетните во светот.

Со самото тоа веруваме дека преку зголемено производство на едно од најквалитетните меса познати за исхрана на човекот, преку промоција на извонредните својства кои ги има и бенефитите од негово конзумирање ќе придонесеме за здравјето на сите наши граѓани.

За сите дополнителни информации, објаснувања и податоци кои Ви се потребни од Наша страна стоиме на располагање за што во прилог Ви ги доставуваме и следните контакт податоци:

**Назив: Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе**
**Адреса: ул.Овчеполска бр.49, 2220 Свети Николе**
**Контакт лице: Гордан Паневски**
**Контакт тел: 070 583 351**
**Email: lepus.svetinikole@yahoo.com**

**Свети Николе**
**27.06.2022 година**

**Здружение на одгледувачи на зајаци**
**ЛЕПУС Свети Николе**

**Гордан Паневски**
**Претседател**

Здружение на одгледувачи на зајаци * ЛЕПУС Свети Николе